МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

WE EFFECT

# Анализа за потребите на младите од југо-источниот и источниот плански регион на Република Северна Македонија

Скопје, 2020

МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

WE EFFECT

„Овој материјал е целосно или делумно финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (Сида) и We Effect. Сида и We Effect не мора да се согласуваат со изразените мислења “.

.

1. Вовед

Младата популација во Северна Македонија како и младата популација ширум светот припаѓаат на генерацијата позната во светот како милениумска генерација, за која се верува дека поседуваат уникатен сет на вредности и преференции бидејќи овие млади луѓе се сведоци на многу општествени и економски трансформации во нивното неодамнешно минато и се генерација која е израсната во период на иновациски-технолошка кулминација. Младите ширум светот, па и од Балканот се сведоци на голем број на настани: долг процес на транзиција, приватизација на општествената сопственост, визна забрана и визна либерализација, висока стапка на невработеност и сиромаштија, воени конфликти - наспроти инстант-збогатување, мноштво политички и владини промени. Од друга страна, пак, во исто време се одвива ера на иновација на компјутери, мобилни телефони и интернет, што претставува своевидна револуција и почеток на нов, модерен начин на живеење, по што се карактеризира 21 век. Младите се оние кои го имаат потенцијалот да направат промена и подобрување на економијата и демократијата, а истовремено тие се следната генерација на лидери, политичари, едукатори, вработени и работодавачи, граѓани на Европска Унија и светот.

И Северна Македонија не е исклучок од вакви историски настани и случувања и низ својот развој од последните децении од минатиот век, па наваму ги искусува општествено економските промени, развојот на демократијата и политичкиот плурализам, транзиции, демографски промени, движење и миграции на населението. Актуелните демографски трендови со кои се соочува Северна Македонија се манифестираат во намалување на бројот на родени деца и на природниот прираст на населението, пораст на миграцијата во Европските земји, како и интензивирање на процесот на демографско стареење кое резултира со учество на старите луѓе во вкупното население. Исто така Северна Македонија се соочува со изразена регионална нерамномерност во растот на населението како и со изразени разлики помеѓу урбаните и руралните средини. Според податоците од последниот Попис на населението од 2002 година вкупниот број на млади луѓе на возраст од 12 до 25 години во Република Македонија изнесува во просек околу 24% од вкупното население.

Младите се двигател на социо-економските промени и како наши следбеници и наша иднина се соочуваат со бројни предизвици, ризици и состојби кои се резултат во современото општество во кое живееме.

Република Северна Македонија е потписничка на бројни меѓународни конвенции, а пред се на Конвенцијата за правата на детето и со тоа државата гарантира и обезбедува услови за живот, опстанок и развој за секое дете без разлика на потеклото и припадноста кон државјанство, земајќи го во предвид најдобриот интерес на детето. Во своите развојни документи и нормативна рамка посветува посебно внимание на младите лица во однос на планирање на мерки и форми на заштита, развој на ресурси како одговор на потребите на овие групи граѓани.

2. Методолгија

Анализата има за цел да фрли светлина врз актуелната состојба во источниот и југоисточниот плански региони во државата во однос на потребите со кои се соочуваат младите.

Во периодот октомви – ноември 2020, Мрежата за рурален развој на Северна Македонија, во Источниот и Југо-источниот регион, спроведе истражување за идентификација на потребите на млади од руралните средини. Со истражувањето беа опфатени 60 испитаници, и тоа ученици од деветто оделение и ученици во средните училишта во регионот.

Во однос на медотологојата на истражување беше применет квантитативен метод на собирање на информации, преку анкети со користење на полу структуриран прашалник како инструмент за собирање на податоци.

Прашалникот беше дизајниран на тој начин што опфати 16 прашања. На дел од нив испитаникот имаше можност да избере еден или повеќе од понудените одговори, а на дел од прашањата имаше можност да даде свој одговор.
Прашалникот беше дистрибуиран во двата региони преку од членките на Мрежата за рурален развој,

Со обработката на податоците се дојде до одредени заклучоци, кои понатаму Мрежата за рурален развој ќе ги имплементира во рамките на своето работење.

Текстот подолу содржи подетален опис на целокупната структура на групи опфатени со истражувањето, како и објаснување на специфичните наоди од истражувањето.

3. <u>Демографски карактеристики</u>

Поради претходно утврдениот географски регион и целните групи на овој проект,

демографските податоци што ќе бидат презентирани немаат широк спектар на разновидност, просечен испитаник во ова истражување е средношколец или ученик во деветто одделение од основно училиште, што се идентификува со род доделен при раѓање и не смета дека има некоја попреченост.

Во истражувањето беа вклучени 60 испитаници, ученици од деветто одделение и ученици од средни училишта од: Струмица, Радовиш, Свети Николе, Пехчево и Босилево. Од нив 28 беа од машки пол а 32 беа од женски пол.




| Род | Број на родот |
|---|---|
| машки | 28 |
| женски | 32 |
| преферира да не го открие | 0 |
| вкупно | 60 |




| општина | број на иститпатници |
|---|---|
| Босилево | 17 |
| Пехчево | 9 |
| Свети Николе | 21 |
| Струмица | 8 |
| Радовиш | 1 |
| Василево | 4 |
| вкупно | 60 |




| школо | број на истипатници |
|---|---|
| основно | 9 |
| средно | 51 |
| вкупно | 60 |




| година на раѓање | број на истипатници |
|---|---|
| 2002 | 22 |
| 2003 | 11 |
| 2004 | 14 |
| 2005 | 5 |
| 2006 | 7 |
| 2007 | 0 |
| 2008 | 1 |
| **вкупно** | 60 |




| година во средно училиште | број на истипатници |
|---|---|
| прва | 1 |
| втора | 16 |
| трета | 8 |
| четврта | 26 |
| **вкупно** | 51 |

Од вкупно шеесет испитаници, само четири членуваат во граѓански организации. Педесет и двајца се изјасниле дека не се членови на ниту една организација, а додека пак четири не сакале да споделат. Од ова може да се дојде до еден генерален заклучок дека




многу малку од младите од двата плански региони се запознаени со начинот на здружување, можностите кои им се нудат преку членувањето во граѓанските организации, претставувањето, застапувањето, поведувањето на заеднички иницијативи и секако придвижувањето кон демкоратски промени чии двигател се токму граѓанските органзации. Ова пак имплицира и на еден друг проблем а тоа е нивниот пасивен однос во креирањето на младинските политики. Имено треба да имаме во предвид дека една од основните и најважни компоненти на демократијата е учеството. Може да има најразлични начини на кои се обезбедува учество во заедницата. На пример, учество како вклученост во некоја групна активност, потоа учество како интерактивност во методите на учење, учество на дебати и дискусии, учество во споделување одговорности, донесување одлуки. Граѓанскиот концепт во рамките на демократијата, пред сè, подразбира постоење на точно утврдени права и привилегии на граѓаните, но и нивни обврски кон државата. Младите не се изолиран дел во ваквиот систем, туку негов значаен дел што се отсликува преку активно учество на поединците во системот на правата и обврските во граѓанското општество. Разбирањето и компетентноста за демократското учество можат да се стекнат единствено и постепено преку практиката. Четирите испитаници истакнаа дека членуваат во здружението Slow Food.

## 4. (Не) задоволство од секојдневниот живот и можностите дадени во секојдневниот живот

**Клучен наод**:

- Во врска со незадоволството во секојдневниот живот на младите во регионите во кои беше спроведено истражувањето, највисокиот процент се однесува на можностите за осамостојување и живот надвор од домот на родителите.
- Во однос на другите аспекти на секојдневниот живот, бројките оставаат впечаток дека испитаниците или не се заинтересирани за многу конкретни прашања или не изградиле цврсти ставови во поглед на нив (обрзавони можности во регионите, достапност на информации од јавен карактер, достапност до јавен превоз, пристап до здраствени услуги, можности за професионален развој, итн...)
- Друг извонреден наод што вреди да се напомене е дека огромното мнозинство смета дека културни и забавни активности се делумно задоволувачки за нивните потреби.
- На прашањето за нивната индивидуална перцепција „ Дали нивните врсници од ЕУ се соочуваат со исти секојдневни предизвици‘‘, 34% од испитаниците изјавија дека делумно се соочуваат со слични предизвици, но 30% од нив немаат размислувано на темата**.**

Овој посебен дел од прашалникот беше вклучен во истражувањето со цел да се проценат потребите и предизвиците на младите во источниот и југоисточниот регион, како и на нивото на влијание што го имаат врз процесите на донесување одлуки во нивната заедница. Имајќи во предвид дека целната група ја сочинуваат ученици во деветто оделение и средношколци кои сепак сеуште немале шанса за да се соочат со проблеми надвор од нивната локална заедница (мнозинствот од нив), прашањата беа соодветно конструирани. Во првиот дел од испитаниците беше побарано да го отценат своето ниво на задоволство на неколку теми, давајќи им простор да изберат важна тема за нив и да ја отценат. За сите прашања беше побарано да дадат отценка (1-5) при тоа 1 покажува најниско ниво на задоволство, а 5 покажува највисоко ниво на задоволство.

| Задоволен/задоволна сум од... | 1 воопшто | 2 | 3 неутрално | 4 | 5 целосно |
|---|---|---|---|---|---|
| - образовните можности кои ми се нудат во непосредна близина на местото на живеење. | | | | | |
| - достапноста на информациите од јавен карактер на општинско и регинално ниво. | | | | | |
| - достапноста на јавниот превоз. | | | | | |
| - достапноста на здравствени услуги. | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - можностите за професионален развој и унапредување. | | | | | |
| - можностите за осамостојување и живот надвор од домот на родителите. | | | | | |
| - можности за културни активности и забава. | | | | | |

Од прв поглед се забележува дека едно од најгорливите прашања е можноста за осамостојување и живот надвор од домот на родителите. Ова не претставува некакво изненадување, имајќи ги во предвид социо-економските услови во кои живеат младите, можностите за независна егзистенција, животниот стандард и вработување. Може да се напомене дека токму ова прашање е една од главните аспирации на младите за миграција како во главниот град така и надвор од државата. Но кога се разглобува ова прашање не треба да се заборави и влијанието на културолошките вредности и одликата на македонското традиционално семејство, кое се темели на силни врски на приврзаност помеѓу членовите. [1]

Што се однесува до задоволството кај младите од образовните можности кои им се нудат во нивното место на живеење, на скалата на рангирање, најголемиот дел од испитаниците одговорија со неутрален одговор, дури 35. Кај 20 тина од нив тежнеат одговорите кон тоа да се целосно задоволни од образовните можности во регионот, а само 5 од нив не се многу задоволни од истите. Иако во регионот постојат доволен број образовни институции , со големиот процент на неутралност во однос на ова прашање се отвара прашањето дали младите водат доволно грижа за образовните можности. Образованието во Северна Македонија е во континуиран процес на реформи, и како резултат на тоа не се остава простор за оцена на позитивните и негативните ефекти за директните корисници односно младите. Тоа се поврзува и со прашањето дали образовните институции кои постојат во двата плански региони се доволно квалитетни за да можат да ги задоволат потребите од знаења кај младите. Доколку и во двата региони се поставени приоритети[2] за да се задржат младите и тука да ја градат својата кариера, тогаш потребно е соодветно да се подигне квалитетот на оваа дејност на уште поголемо ниво.

Слична е состојбата и со (не) задоволството од достапноста на информации од јавен карактер на општинско и регионално ниво за младите од источниот и југоисточниот регион. Се чини дека младите немаат многу потреба од користење на информации од јавен карактер. Со оглед на законските одредби кои ги има државата и можностите кои

се нудат со електронското работење во однос на информациите од јавен карактер, овде може да се разгледа прашањето поврзано за информираноста на младите за можноста за

[1] Студија за млади на Северна Македонија, 2018/2019, Фондација Фридрихт Еберт
[2] Програми за развој на источниот плански регион и Програма за развој на југоисточниот плански регион

користење на информации од јавен карактер и дали институциите се транспарентни во однос на давањето на овие информации.

Во поглед на достапноста на јавен превоз во местата каде што живеат испитаниците, во одговорите преовладува неутрален став (22 испитаници). Веднаш после нив се оние испитаници кои генерално се задоволни од достапноста на јавниот превоз (14) и оние кои целосно се задоволни (12).

Иако истражувањето беше спроведено во екот на ковид панедмијата во Северна Македонија и преоптовареноста на здраствениот систем, во однос на (не) задоволството од достапноста на здраствени услуги се чини дека младите заземаат еден неутрален став (22) и делумнно и целосно задоволство. (2x13). На ова можеби влијае и моменталната ковид криза и претпоставката дека младите не се дел од ризичната категорија на граѓани.

Слична е состојбата и со можностите за забава и културни активности. Прилично задоволувачки се можностите за културни активности и забава. Младите покажаа дека немаат големи грижи во врска со можностите за нивно културно просветлување и забавни активности.

Подолу во анализата се дадени визуелните прикази на (не) задоволството од можностите за осамостојување и живот надвор од домот на родителите, обрзовните можности кои им се нудат во регионот, достапноста на информациите од јавен карактер, достапноста на јавниот превоз, можностите за професионален развој и можностите за културни активности и забава.

***(Не) задоволство од образовни можности кои се нудат во непосредна близина***



***(Не) задоволство од достапност на информации од јавен карактер***




***(Не) задоволство од достапност на јавен превоз***




***(Не) задоволство од достапност од здраствени услуги***



***(Не) задоволство од можностите за осамостојување и живот надвор од домот на родителите***




***(Не) задоволство од можности за културни активности и забава***




Графикот подолу ни ја покажува гледната точка на младите во врска со сличностите на начинот на живот, предводена од младите во Северна Македонија и земјите членки на ЕУ. Изгледа дека младите од Северна Македонија, сметаат дека нивните врсници од ЕУ само делумно ги имаат сличните предизвици како и тие. Добар број од нив воопшто не размислуваат за предизвиците во секојдневниото живеење на младите од ЕУ(18), а еден помал дел пак размислуваат дека природата на предизвиците оди во согласност со индивидуалната земја на живеење и според тоа перцепцијата за ЕУ не е корисна и еднавка за сите земји – членки.




## 5.Влијание врз процесите на донесување на одлуки

**Клучни наоди**

- Во однос на влијанието на младите врз процесите на донесување на одлуки нема некоја поголема разновидност на одговорите. Мнозинството од нив заземаат повторно еден неутрален став односно, не се задоволни ниту незадоволни од нивото на влијание што го имаат во училиштето (35%), а додека пак веднаш зад нив се оние кои одговориле дека се задоволни околу истото прашање (34%). Слична е состојбата и кај влијанието врз процесите на носење на одлуки во општината. 31% од иситаниците одговорија со заземање на неутрален став.
- Со оглед на тоа што само малиот број на испитаници се членови во граѓански организации, во поглед на влијанието врз носење на одлуки, 75% од нив се делумно незадоволни.
- Мнозинство на испитаниците изјавиле дека делумно се задоволни од слободата за правење лични одлуки (35%), но истовремено процентот на мнозинството испитаници останува сличен со изјавата дека не се задоволни ниту незадоволни со слободата јавно да го кажат своето мислење во училиштето и општината без да имаат било какви последици.

Младинското учество во донесување на одлуки претставува консултативен процес кога младите активно учествуваат во општествените процеси кои се од нивни интерес. Ако сакаме да изградиме демократски, инклузивни и просперитетни општества, мора да ги вклучиме младите во процесот на донесување одлуки.

Во овој дел, резултатите укажуваат на претежно неутрални ставови во однос на инклузивноста на процесите на донесување на одлуки на локално ниво.

*Дали сте задоволни од степенот до кој можете да влијаете во процесите на носење на одлуки ( 1 – воопшсто не сум задовелен/задоволна, 3 ни сум задоволна ни незадоволна, 5 целосно задоволен/задоволна)*

*Во вашето училиште...*




*Во вашата општина ...*



*Слободата со која располагам да носам лични одлуки...*




*Слободата со која располагам да го кажам моето мислење во училиште без да сносам последици за тоа....*




*Слободата со која рсполагам да го искажам моето мислење за состојбата во општината без притоа да сносам последици за тоа....*



Од изнесените податоци погоре, може да се забележи дека младите не се целосно задоволни од нивното влијание врз кои и да било од споменатите области и покрај податоците што укажуваат на еден неутрален став и тежнеат кон делумно задоволство.

## 6.Интеграции во ЕУ и простор за подобрување на моменталните состојби

**Клучни наоди**

- Во делот што се однесува на ставовите кон ЕУ, огромното мнозинство 50 % ја поддржуваат интеграцијата на Република Северна Македонија во ЕУ.
- Асоцијација за ЕУ кај младите од Северна Македонија е исселување, поквалитетен живот, зголемување на бројот на работни места, подобро здравство, но и вето и деградација на идентитетот.
- Младинските политики се онај сегмент во кој младите очекуваат дека ќе има поголемо придвижување со пристапувањето на државата кон ЕУ.
- 42% од испитаниците, по завршувањето на образовнието би останале да живеат во местото на живеење, и на приближно толку од нив доколку им се овозможи да емигрираат би заминале надвор од државата.

Во овој дел од прашалникот фокусот беше ставен на перцепцијата на младите луѓе на областите што би добиле најголемо подобрување доколку Република Северна Македонија станува полноправна земја членка на Европската унија.

Како што е видливо од графиконите подолу, не само што мнозинството од испитаниците имаат позитивни ставови кон ЕУ, тие исто така предвидуваат, или барем се надеваат на значителни промени и подобрување во скоро сите споменати области од интерес. Како и во погоре споменатите теми, и овде средните вредности се движат околу неутралниот степен на скалата.



Иако голем е процентот на младите кои го поддржуваат пристапувањето на државата кон ЕУ (50%) , сепак значителен број од испитаниците немаат размислувано за оваа тема.(35%). Ако се има во предвид политичките случувања во Република Северна Македонија, и одлагањето на започнување на преговорите за членство кон ЕУ, слободно може да се каже дека ваквите одговори се перцепција на младите кон еден долг и далечен пат кој треба да го изоди државата.

*Дали сметате дека доколку Република Северна Македонија стане земја членка на ЕУ ќе има поместување во позитивна насока во ...*

(1-нема да има никакво поместување, 3 - неутрално, 5 - ќе има огромно поместување)

*Слобода на изразување...*




*Младински политики ...*



Во основата, младинската политика е меѓусекторска политика и ги опфаќа сите одлуки и мерки што влијаат на условите за младите луѓе во голем број на различни области, како што се вработувањето, образованието, здравството, домувањето, слободното време, културата и влијанието. Многу е важно да се наспомене дека младинската политика е стратегија што ја спроведуваат јавните власти со цел да им се даде на младите луѓе можности и искуства со кои ќе се поддржи нивната успешна интеграција во општеството и ќе им овозможуваат да станат активни и одговорни членови на нивните општества, како и носители на промените. Поголемиот дел од испитаниците веруваат дека со зачленувањето во Европската Унија, ќе се направи позитивно поместување во оваа насока.

*Културен живот...*




*Разбирање меѓу различни етнички заедници...*



*Социјална и здраствена заштита....*




Социјалните и здраствени услуги во многу делови од државата се предизвик сами по себе. Посебно во оние региони кои се помалку населени. Според одговорите на испитаниците со приклучување кон ЕУ очекуваат дека ќе има позитивно придвижување во овие процеси.

*Можности за водење на самостоен живот...*




*Градење на кариера и професионален развој...*



*Намалување на ислеувањето...*




*Квалитет на образование ....*




*Демократија и демократски процеси....*



*Медиуми и квалитет на информации...*




*Човекови права....*




*Права на малцински етнички заедници...*



МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

WE EFFECT

*Права на маргинализирани заедници...*




Во однос на отвореното прашање „Која е вашата прва асоцијација кога ќе се споменат ЕУ интеграции?" испитанците дадоа шареолики одговори, кои можат да се групираат во две категории: подобрување на квалитетот на живот и зголемена миграција. Кај дел од испитаниците можеше да се идентификува и скептицизам и чувство на недоверба кон приклучувањето кон ЕУ. Во таа насока можеа да се сретнат и одговори во негативна конотација како: вето, распадливост, деградација и сл.




Според утврдените податоци, поголемиот дел од испитаниците по завршувањето на образованието би останале во местото на живеење, но мора да напоменеме дека доста висок е процентот на оние кои сеуште немаат размислувано на оваа проблематика. (40%)




Слична е состојбата и кај ова прашање. Поголемиот дел од младите доколку им биде овозможено, по завршување на своето образование би заминале надвор од државата. И овде како и во горе-споемнатото прашање постои голем процент на испталници кои сеуште не размислувале на оваа тема, најверојатно поради подолгиот временски период до завршување на образованието. Но генерално гледано, трендот на миграција и во двата плански региони е во нагорна линија. Екот на миграција на населението посебно од руралните подрачја во поголемите градови, и надвор од државата, е проблем што добива загрижувачки размери, а уште поалармантно е што најголем број од граѓаните што мигрираат се високо-образовани млади луѓе. Тоа имплицира кон тезата дека поголеми делови од државата, остануваат без активното население кое своите знаења и искуства ги користи на друго место, а не онаму од каде што потекнуваат.

Заклучоци и препораки

Младите луѓе во Република Северна Македонија се иднината на целокупниот развој на државата, но на нив често им недостасуваат насоките и поддршката кои се неопходни за да можат целосно да придонесат кон развој на нивните заедници. Препознавањето на нивните аспирации за личен развој, а и решавањето на нивните проблеми, се од витално значење за рамномерен и одржлив развој во земјата.

Анализата имаше за цел да ги претстави потребите и ставовите на младите (ученици во деветто одделение и средношколци) од југоисточниот и источниот регион на Република Северна Македонија, и на тој начин да се инспирираме во давањето на понуди за потенцијални решенија.

Прво, за да ги остварат и претстават своите заеднички младински интереси, кај младите треба да се промовира здружувањето. Членувањето во граѓанските организации им овозможува остварување на своето демократско право и можност да ги актуелизираат своите прашања како пред институциите, така и пред пошироката јавност. Преку тоа пак им се овозможува поголема информираност за можностите за вклучување во процесите на донесување на одлуки на локално ниво.

Во Северна Македонија не постои организиран и системски пристап во поддршката на младинското учество во донесувањето одлуки, додека прашањата на младите се адресирани од различни институции на национално и локално ниво, сепак недостасува законското регулирање на младинското учество во донесување на одлуки во локалната заедница.

Младите како динамична социјална група, имаат потреба од зголемена поддршка од страна на институциите и право на консултација во однос на прашања кои се од нивни интерес. Младите луѓе, посебно малолетните млади, немаат простор да учествуваат во донесувањето на одлуки, а веќе имаат свои ставови кон појавите и процесите во локалната заедница кои нив ги засегаат.

Потребна е поголема информираност, но и зголемување на знаењата кај младите во регионите за алатките и можностите за вклучување во процесот на донесување на одлуки на локално ниво, без притоа да стравуваат за последиците од јавно кажување на своите ставови и мислења.

Отсуството на пристојни можности за работа во регионите е една од причините поради кои младите  мигрираат на досега невидени нивоа. Затоа, како што се менува динамиката на животот во земјата, така постои потреба да се создаваат нови можности

за младите да придонесат во развојот на нивните заедници, а преку нив и на целиот регион како целина.

Создавањето на квалитетно и соодветно обрзаование и можностите за професионален развој се во директна корелација со отворањето на нови работни места во регионот, а тоа ќе се имплицира и врз можноста за осамостојување на младите и живот надвор од домот на родителите, проблем кој беше потенциран од голем процент на испитаници.

Прашањата поврзани со европските можности и вредности освен теоретски, потребно е повеќе и практично да им се објаснуваат на младите , бидејќи тоа е клучот за полесно интегрирање во Европското семејство.

Актуелизирајќи го прашањето за младите и нивните потреби, Мрежата за рурален развој на Северна Македонија,  во иднина дел од своите активности потебно е да ги насочи кон следните теми:

1. Младински активизам
2. Методи за учество во политиките и процесите на донесување одлуки
3. Лидерство и други меки вештини и вештини за вработување
4. ЕУ, институции и интеграција на Северна Македонија кон ЕУ

Анализата е дел од проектот Институционална поддршка на Мрежата за рурален развој на Северна Македонија, имплементиран од Мрежа за рурален развој на Северна Македонија, финансиски поддржан од We Effect